РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА
ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Работна група предводена од експерти од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги ќе работи на мапирање на главниот град. Идејата е да направи предлог мапа во која ќе се дефинираат реони во кои точно ќе се знае на кој енергенс ќе биде греењето во секој нов објект со што ќе се обезбеди предвидливост за граѓаните и инвеститорите – најави Марко Бислимоски претседателот на Регулаторната комисија за енергетика по одржаниот состанок со Градежната комора при Сојузот на стопански комори. Оваа иницијатива е образложена и на состанокот во Стопанската комора на Северо - Западна Македонија

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги продолжи со широките консултативните средби со членките на градежните комори во врска со побараните измени во Законот за градба во однос на допрецизирање на Одобрението за градба со поле во кое задолжително ќе се наведено енергенсот на кој ќе се грее секој нов објект што ќе се гради**.**

**„Сите средби укажуваат дека имаме иста цел, а тоа е да се има ред и предвидливост кога станува збор за затоплувањето на објектите. Граѓаните треба точно да знаат кога ќе купуваат нов објект на што ќе биде греењето, но и самите енергетски компании стратешки да ги зајакнат инвестициите во предвидените реон да ги развиваат мрежите. Она што радува е дека пазарот го прави своето и денеска градежните компании се натпреваруваат во тоа кој ќе понуди поквалитетно решение за енергетско ефикасен дом. Работна група предводена од РКЕ ќе ги обедини коморите и енергетските компании за заеднички да ги мапираме реоните и да дефинираме како ќе се развиваат мрежите , односно во кој дел од градот како ќе биде решено греењето. Штотуку завршивме со состанокот во Сојузот на Стопански комори на Македонија и сега ќе продолжиме на ист состанок и во стопанската комора на Северо - Западна Македонија. Еден од проблемите е загаденоста на воздухот, а решението од нашиот делокруг на работа го гледаме во форсирање на еколошки затоплување. Парното, но и гасот се енергенсите кои треба да се користат максимално. Греењето на струја треба да е последна опција, затоа што тоа значи работа на РЕК Битола.“ изјави Марко Бислимоски, претседател на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги.**

16.10.2020

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-036/2019